Архивски знак: 01
Рок на чување: трајно год.
2022 година
Потпис:

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. весник на Р.М" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20" ), а во врска со член 11 од Законот за Царинската управа („Сл. весник на Р.М" број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18, 248/18 и 122/21), директорот на Царинска управа, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнување на**
**Правилникот за систематизација на работните места во Царинската управа**

**Член 1**

Во овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Царинската управа број 01-036570/21-0002 од 17.06.2021 година и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Царинска управа број 01-036570/21-0012 од 07.12.2021 година.

**Член 2**

Во членот 14 точка **5 СЕКТОР ЗА ЦАРИНСКИ СИСТЕМ** потточка **5.4 Одделение за интегрирана тарифа – ТАРИМ**, кај работно место со реден број „63" со шифра ЦАР 01 01 В01 002 и назив на работно место „ Самостоен советник за интегрирана тарифа - ТАРИМ", во делот Вид на образование зборовите „Економски науки" се заменуваат со зборовите „Наука за земјиште и хидрологија".

**Член 3**

Во членот 14 точка **6 СЕКТОР ЗА АКЦИЗИ** потточка **6.5.2 Служба за заштита на правата од интелектуална сопственост**, кај работно место со реден број „97" со шифра ЦАР 01 01 В03 001 и назив на работно место „Советник за заштита на правата од интелектуална сопственост", во делот Вид на образование зборовите „Економски науки" се заменуваат со зборовите „Прехрамбена технологија".

**Член 4**

Во членот 14 точка **9 СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** потточка **9.2 Одделение за обуки**, кај работно место со реден број „179" со шифра ЦАР 01 01 В01 002 и назив на работно место „Самостоен советник за спроведување на обуки", во делот Вид на образование зборовите „Економски науки" се заменуваат со зборот „Образование".

**Член 5**

Во членот 14 точка **11 СЕКТОР ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ И ТЕХНИЧКИ РАБОТИ** потточка **11.4.1 Служба за управување со гранични премини за царинарница Скопје**, кај работно место со реден број „240" со шифра УПР 04 05 А02 011 и назив на работно место „Наплатувач на гранични премини за царинарница Скопје", во делот Број на извршители број „15" се заменува со број „11".

Член 6

Во членот 14 точка **11 СЕКТОР ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ И ТЕХНИЧКИ РАБОТИ** потточка **11.4.2 Служба за управување со гранични премини за царинарница Куманово** кај работно место со реден број „243" со шифра УПР 04 05 А02 011 и назив на работно место „Наплатувач на гранични премини за царинарница Куманово", во делот Број на извршители број „23" се заменува со број „18".

Член 7

Во членот 14 точка **11 СЕКТОР ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ И ТЕХНИЧКИ РАБОТИ** потточка **11.4.3 Служба за управување со гранични премини за царинарница Штип** кај работно место со реден број „247" со шифра УПР 04 05 А02 011 и назив на работно место „Наплатувач на гранични премини за царинарница Штип" во делот Број на извршители број „8" се заменува со број „7".

Член 8

Во членот 14 точка **11 СЕКТОР ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ И ТЕХНИЧКИ РАБОТИ** потточка **11.4.4 Служба за управување со гранични премини за царинарница Гевгелија**, кај работно место со реден број „251" со шифра УПР 04 05 А02 011 и назив на работно место „Наплатувач на гранични премини за царинарница Гевгелија" во делот Број на извршители број „32" се заменува со број „26".

Член 9

Во членот 14 точка **11 СЕКТОР ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ И ТЕХНИЧКИ РАБОТИ**, потточка **11.4.5 Служба за управување со гранични премини за царинарница Битола** кај работно место со реден број „254" со шифра УПР 04 05 А02 011 и назив на работно место „Наплатувач на гранични премини за царинарница Битола" во делот Број на извршители број „16" се заменува со број „12".

Член 10

Во членот 14 точка **12 СЕКТОР ЗА ПРАВНИ РАБОТИ** потточка **12.1.1 Служба за правни работи**, кај работно место со реден број „268" со шифра ЦАР 01 01 В01 002 и назив на работно место „Самостоен советник за правни работи ", во делот Број на извршители број „2" се заменува со број „4" а во делот Работни задачи и обврски по алинеја 5 се додава нова алинеја 6 која гласи: „ – учествува во имплементација на стандарди за квалитет;". Алинеја 6 станува алинеја 7.

Член 11

Во член 14 точка **12 СЕКТОР ЗА ПРАВНИ РАБОТИ** потточка **12.3 Одделение за канцелариско и архивско работење**, кај работно место со реден број „281" со шифра ЦАР 01 01 В03 001 и назив на работно место „Советник за архивирање на документарниот материјал", во делот Број на извршители број „1" се заменува со број „3" а во делот Вид на образование збороворите „Економски науки" се заменува со зборот „Образование" .

Член 12

Во член 14 точка **13 СЕКТОР ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ** потточка **13.2.2 Служа за корисничка поддршка**, кај работно место со реден број „307" со шифра ЦАР 01 01 В03 001 и назив на работно место „Советник за апликативна поддршка" во делот Вид на образование зборовите „Економски науки" се заменува со зборот „Информатика".

**Член 13**

Во членот 14 точка **14 ЦАРИНАРНИЦА СКОПЈЕ** потточка **14.2 Царинска испостава Скопје 1**, кај работно место со реден број „327" со шифра ЦАР 01 01 В04 002 и назив на работно место „Цариник во царинска испостава Скопје 1" во делот Други посебни услови се додаваат зборовите „Потврда/сертификат за канцелариско и архивско работење".

**Член 14**

Во членот 14 точка **14 ЦАРИНАРНИЦА СКОПЈЕ** потточка **14.3 Царинска испостава Скопје 2**, кај работно место со реден број „331" со шифра ЦАР 01 01 В04 002 и назив на работно место „Цариник во царинска испостава Скопје 2" во делот Други посебни услови се додаваат зборовите „Потврда/сертификат за канцелариско и архивско работење".

**Член 15**

Во членот 14 точка **14 ЦАРИНАРНИЦА СКОПЈЕ** потточка **14.4 Царинска испостава Скопје 3**, кај работно место со реден број „335" со шифра ЦАР 01 01 В04 002 и назив на работно место „Цариник во царинска испостава Скопје 3" во делот Други посебни услови се додаваат зборовите „Потврда/сертификат за канцелариско и архивско работење".

**Член 16**

Во членот 14 точка **14 ЦАРИНАРНИЦА СКОПЈЕ** потточка **14.7.1 Отсек за стоков промет во царинска испостава Меѓународен Аеродром Скопје** кај работно место со реден број „346" со шифра број ЦАР 01 01 В01 003 и назив на работно место „ Виш цариник контролор во отсек за стоков промет во царинска испостава Меѓународен Аеродром Скопје" во делот Број на извршители број „2" се заменува со број „3".

**Член 17**

Во членот 14 точка **14 ЦАРИНАРНИЦА СКОПЈЕ** потточка **14.7.1 Отсек за стоков промет во царинска испостава Меѓународен Аеродром Скопје** кај работно место со реден број „347" со шифра број ЦАР 01 01 В04 001 и назив на работно место „ Виш цариник во отсек за стоков промет во царинска испостава Меѓународен Аеродром Скопје" во делот Број на извршители број „7" се заменува со број „10".

**Член 18**

Во членот 14 точка **14 ЦАРИНАРНИЦА СКОПЈЕ** потточка **14.7.2 Отсек за патнички промет во царинска испостава Меѓународен Аеродром Скопје** кај работно место со реден број „351" со шифра ЦАР 01 01 В04 002 и назив на работно место „ Цариник во отсек за патнички промет во царинска испостава Меѓународен Аеродром Скопје" во делот Број на извршители број „29" се заменува со број „44" а во делот Други посебни услови се додаваат зборовите „Потврда/сертификат за канцелариско и архивско работење".

**Член 19**

Во членот 14 точка **15 ЦАРИНАРНИЦА КУМАНОВО** потточка **15.2 Царинска испостава Куманово**, кај работно место со реден број „381",со шифра ЦАР 01 01 В04 002 и назив на

работно место „Цариник во царинска испостава Куманово“ во делот Други посебни услови се додаваат зборовите „Потврда/сертификат за канцelariско и архивско работење“.

**Член 20**

Во членот 14 точка **15 ЦАРИНАРНИЦА КУМАНОВО** потточка **15.3.1 Отсек за стоков промет во царинска испостава Табановце автопат**, кај работно место со реден број „385“, со шифра ЦАР 01 01 В04 001 и назив на работно место „Виш цариник во отсек за стоков промет во царинска испостава Табановце автопат“ во делот Број на извршители број „15“ се заменува со број „25“.

**Член 21**

Во членот 14 точка **15 ЦАРИНАРНИЦА КУМАНОВО** потточка **15.3.2 Отсек за патнички промет во царинска испостава Табановце автопат**, кај работно место со реден број „389 “,со шифра ЦАР 01 01 В04 002 и назив на работно место „Цариник во отсек за патнички промет во царинска испостава Табановце автопат “ во делот Број на извршители број „45“ се заменува со број „55“ и во делот Други посебни услови се додаваат зборовите „Потврда/сертификат за канцелариско и архивско работење“.

**Член 22**

Во членот 14 точка **17 ЦАРИНАРНИЦА ГЕВГЕЛИЈА** потточка **17.3 Царинска испостава Гевгелија**, кај работно место со реден број „447 “,со шифра ЦАР 01 01 В04 002 и назив на работно место „Цариник во царинска испостава Гевгелија“ во делот Други посебни услови се додаваат зборовите „Потврда/сертификат за канцелариско и архивско работење“.

**Член 23**

Во членот 14 точка **17 ЦАРИНАРНИЦА ГЕВГЕЛИЈА** потточка **17.7 Царинска испостава Богородица**, кај работно место со реден број „463 “, со шифра ЦАР 01 01 В04 002 и назив на работно место „Цариник во царинска испостава Богородица“ во делот Други посебни услови се додаваат зборовите „Потврда/сертификат за канцелариско и архивско работење“.

**Член 24**

Во членот 14 точка **18 ЦАРИНАРНИЦА БИТОЛА** потточка **18.3.2 Отсек за патнички промет во царинска испостава Меџитлија**, кај работно место со реден број „487 “,со шифра ЦАР 01 01 В04 002 и назив на работно место „Цариник во отсек за патнички промет во царинска испостава Меџитлија“ во делот Број на извршители број „14“ се заменува со број „24“ и во делот Други посебни услови се додаваат зборовите „Потврда/сертификат за канцелариско и архивско работење“.

**Член 25**

Во членот 14 точка **18 ЦАРИНАРНИЦА БИТОЛА** потточка **18.7.2 Отсек за патнички промет во царинска испостава Аеродром Св. Апостол Павле - Охрид**, кај работно место со реден број „506", со шифра ЦАР 01 01 В04 002 и назив на работно место „ Цариник во отсек за патнички промет во царинска испостава Аеродром Св. Апостол Павле - Охрид " во делот Други посебни услови се додаваат зборовите „Потврда/сертификат за канцелариско и архивско работење".

Член 26

Во членот 14 точка **18 ЦАРИНАРНИЦА БИТОЛА** потточка **18.8.2 Отсек за патнички промет во царинска испостава Ќафасан**, кај работно место со реден број „513 ",со шифра ЦАР 01 01 В04 002 и назив на работно место „Цариник во отсек за патнички промет во царинска испостава Ќафасан" во делот Број на извршители број „17" се заменува со број „27" и во делот Други посебни услови се додаваат зборовите „Потврда/сертификат за канцелариско и архивско работење".

Член 27

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе започне да се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за финансии.

**Бр. 01 – 036570/21-0017**
**Скопје, 04.01.2022 година**

М-р Славица Кутиров
в.д Директор на Царинска управа

Изработил: Јелена Ципушева
Одобрил: Валентина Пивоварова